ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА АРАЧИНОВО
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2018 07 04/3

**Скопје, февруари 2019 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Финансиски извештаи за 2017 и 2016 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 |
| - Сметководствени политики | 8 - 10 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 10 - 12 |

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:    +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:13-54/8

Дата: 26.02.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на приходи на буџет на дотации (930), за 2017 година.

За  финансиските извештаи за 2017 година на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Арачиново изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на приходи на буџет на дотации (930), во кој е изразено мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансфери од централната власт по основ на дотации за основно образование. Средствата се користат за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ситен инвентар, поправка и тековно одржување, договорни услуги и други расходи.

Општина Арачиново нема изготвено и донесено на седница на совет мерила и критериуми за распределба на блок дотации по единките корисници, според однапред определени критериуми што има влијание на транспарентноста при распределбата на блок дотациите.

Од страна на одговорнот лице на Општина Арачиново не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново на сметката на приходи на буџет на дотации - 930, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Арачиново, сметка на приходи на буџет на дотации (930) за 2010 година и е изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на општина Арачиново застапувано од:

- Брахим Ајвази - градоначалник од 12.04. 2013 година до 19.10.2017 година;
- Миликије Халими - градоначалник од 20.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

**2.2.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.10.2018 до 24.12.2018 година, кај Општина Арачиново, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 25.12.2018 година.

Од страна на одговорнот лице на Општина Арачиново не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

На сметката „приходи на буџет на дотации – 930“, на ден 31 декември 2017 година има неискористени средства од корисниците на дотации во износ од 2.963 илјади денари. Во однос на вкупните приходи овие средства учествуваат со 4.1%. Имено, салдото се состои од пренесениот вишок на приходи од претходната година, а поголемиот дел од неискористените средства се однесуваат за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт. Причина за оваа состојба е немањето на мерила и критериуми за распределба на блок дотациите, но и не донесениот Ребаланс на Буџетот за 2017 година. Непостоење на критериуми за распределба на блок дотациите може да доведе до субјективен пристап и слабости во распределбата на средствата.

**Препорака**

Градоначалникот да преземе активности за изготвување на критериуми за распределба на средствата за блок дотации, а советот на Општина Арачиново да ги разгледа и усвои изготвените критериуми.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Арачиново на ден 31 декември 2017 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

**Општина Арачиново**

**Сметка на основен буџет на дотации (930) Општина Арачиново**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 72.341 | 70.908 |
| **Вкупно приходи** | | **72.341** | **70.908** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 63.058 | 63.187 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 6.170 | 6.497 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 150 | 215 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **69.378** | **69.899** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 0 | 100 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **100** |
| **Вкупно расходи** | | **69.378** | **69.999** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **2.963** | **909** |

**Општина Арачиново**

**Сметка на основен буџет на дотации (930) Општина Арачиново**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | во 000 денари<br>2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 2.963 | 909 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.963** | **909** |
| **Вкупна актива** | | **2.963** | **909** |
| **Пасива** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 2.963 | 909 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.963** | **909** |
| **Вкупна пасива** | | **2.963** | **909** |